1.157.4.14/61-

61

ПРЕЗИДИУМ НА АСНОМ
№.654-XI-1944
Поверенство за Народно стопанство
и Економска обнова на земйата
№.39.3-XI-1944 год.

СКОПЈЕ

ДО ОКОЛИСКИ НО-ОДБОР
гр. РЕСЕН и Струга

Во врска со запазвайнето и рационалното исползувайне на рибното богатство нашите риболовни езера, ви се дават следните наредби и упатствийа :

I-Сите инсталацийи, инструменти и инвентари од рибарски задруги и институции да се запазат во целост.

2-Заради това што започнуе сезоната за размножавайне на пастрмките, веднага ке се забрани апсолутно секаков лов на пастрмките.

3-До нова наредба сите прописи по отношение на рибарството, издадено од Бугарската власт се остават на снага. До колку тийа прописи задират во опшните народни интереси, веднага ке се достави до Поверенството за Нар.стопанство со образложен предлог за изменение.

4-За регулирайне на риболовот и за пазейне на рибното богатство Окол.НОО веднага ке назначи нарочни риболовни контролни органи.

5-По отношение на риболовот да не се собират никакви такси.

6-Се налага на околиски НОО да издаде сите нужни заповеди по отношение на рибарството во цела околийа и да поведе строго сметка за запазувайне на рибното богатство и за општите интереси на рибарите од околийата.

Со првата возможност ке се испрати специйалист по рибарството кой ке изврши ревизийа по сите вопроси.

Околискиот НОО се задолжува да испрати до Пов.за Нар.стопанство извештай по сите напред изложени точки како и за предложенийата на околиски НОО за правилното регулирайне на сите рибарски вопроси на свойата територийа.

СМРТ НА ФАШИЗАМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ !

ПРЕЗИДИУМ НА АСНОМ

за СЕКРЕТАР, Б. Фотев
ПОВЕРЕНИК, Л. Соколов
ПРЕДСЕДАТЕЛ, М. Ченто